**Градоначалник на општина Шуто Оризари- Šerutno ki komuna Šuto Orizari-Kryetari I komunës Shuto Orizari**

**Република Северна Македонија- Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut**

Бр- No-Nr. 10 - 390/1
28.04. 2021 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија'' бр. 32/20 од 10.02 2020 година Градоначалникот на Општина Шуто Оризари објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС

## За формирање на партиципативно тело

За обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистилкото планирање, Градоначалнико на Општина Шуто Оризари, распишува Јавен оглас за формирање на Партиципативно тело.

Јавниот оглас ќе трае 30 дена, односно во периодот од 28.04.2021 година заклучно со 27.05.2021 година.

Јавниот оглас ќе биде објавен во Службен гласник на општината, на веб страна на општината www.sutoorizari.org.mk , и на огласна табла во просториите на општината . За обезбедување на инклузивност, партиципативност и јавност во процесот на урбанистичкото планирање, општината задолжително формира партиципативно тело на иницијатива на градоначалникот или на членовите на Комисијата за урбанизам и други граѓани.Партиципативното тело ги претставува сите различни интереси и интересни групи во локалната заедница и ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија и во постапката за изработување и донесување на плановите ги разгледува планските програми и планските решенија на урбанистичките планови во нивната работна верзија. Партиципативното тело се состои од членови на комисијата за урбанизам на општината, и стручни лица вработени во правното лице што го изработува урбанистичкиот план кој е предмет на расправа, а особено од лица кои се претставници од урбаните и месните заедници, претставници на невладините

организации од различните сегменти на урбаниот живот, здруженија на граѓани и граѓански активисти од подрачјето на општината што ги претставуваат различните групи на граѓани, како и граѓани што се стручни лица од областа на урбанистичкото планирање и другите стручни области суштествени за планирањето и одржливиот развој на градот. Партиципативното тело се формира од доброволно пријавени лица по јавен оглас објавен на веб страната од единицата на локалната самоуправа и во писмена форма со излагање на огласот на јавно место во траење од 30 дена. Учеството на лицата вработени во единицата на локалната самоуправа во партиципативното тело е по службена должност, а на лицата што не се вработени во единицата на локалната самоуправа учеството е на доброволна основа. Партиципативното тело има право да расправа за сите работи од надлежност на единицата на локалната самоуправа и може да влијае на планските решенија и политиките на просторен развој, преку презентирање на своите мислења на советот на општината. Партиципативното тело заседава најмалку еднаш на два месеци и има консултативна улога во постапката за изработување и донесување на урбанистички планови, особено ја разгледува планската програма во фаза пред таа да му биде предложена на градоначалникот за одобрување, како и урбанистичкиот план во фаза на урбанистичко планско решение пред да биде дадено на стручна ревизија. Работата на партиципативното тело е јавна. Начинот на работа и бројот на членови на партиципативното тело се уредуваат во деловникот на партиципативното тело што го донесува советот на единицата на локалната самоуправа, при што бројот на граѓански членови на партиципативното тело што се пријавиле на доброволна основа не е ограничен.Учеството на лицата во партиципативното тело е на доброволна основа и е во интерес на населението во општината и за учеството во него не се плаќа надомест.Заинтересираните лица може да го поднесат своето пријавување писмено во архивата на Општина Шуто Оризари или на следниот е-маил : info@sutoorizari.gov .mk

Општина Шуто Оризари
Градоначлник

Курто Дудуш